Уп. бр. 08-63

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Ц Е – Бетајлигунгс-ГмбХ со регистрирана канцеларија на Штифтсбергерштрасе 1, 74172 Некарзулм, Германија и физичкото лице Ричард Гарнер, австриски државјанин, доставено преку Божидар Милошевиќ, адвокат од  Скопје, на седницата одржана на ден 15.04.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на друштвото Ц Е – Бетајлигунгс-ГмбХ со регистрирана седиште на Штифтсбергерштрасе 1, 74172 Некарзулм, Германија и физичкото лице Ричард Гарнер, австриски државјанин над Гарнер Транспорт Холдинг ГмбХ со регистрирано седиште на Линцер Штрасе 40А-4650 Ламбах, Австрија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 13.03.2024  година, а дополнето на ден 15.03.2024 година и на 26.03.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), е доставено известување за концентрација од страна на Ц Е – Бетајлигунгс-ГмбХ со регистрирана седиште на Штифтсбергерштрасе 1, 74172 Некарзулм, Германија и физичкото лице Ричард Гарнер, австриски државјанин, со која истите ќе стекнат заедничка контрола над

Гарнер Транспорт Холдинг ГмбХ со регистрирано седиште на Линцер Штрасе 40А-4650 Ламбах, Австрија
Пред концентрацијата физичкото лице Ричард Гарнер, австриски државјанин, е содружник на Гарнер Транспорт Холдинг ГмбХ.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

- **Ц Е – Бетајлигунгс-ГмбХ** е индиректно зависно друштво на Лидл Штифтунг & Ко. КГ (, кое е дел од Шварц Групата. Шварц Групата е меѓународна групација на друштва со фокус на малопродажбата на храна. Шварц Групата е активна во малопродажбата на храна во повеќе од 30 држави преку одделите на Лидл (малопродажба на храна по намалени цени) и Кауфланд (малопродажба на храна во големи количини). Со одделот за управување со отпад ПреЗеро, Шварц Групата е интегриран давател на услуги во областа на управување со отпад, кој се занимава со собирање, сортирање, обработување и рециклирање на отпад. Дополнително, одделот за производство на Шварц Групата произведува сладолед, пецива, паста, чоколада и сушени овошја во сопствени фабрики, полни минерална вода и слатки пијалоци на различни локации и управува со сопствена фабрика за печење кафе. Одделот за IT и дигитални услуги на Шварц Групата, Шварц Диџитс (, нуди и дигитални производи и услуги.
Во Северна Македонија, Шварц Групата е присутна преку едно регистрирано зависно друштво, ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Киро Глигоров бр. 2, 3-ти кат, општина Гази Баба, 1000 Скопје, друштво кое моментално не е активно, но ќе биде активно во блиска иднина со тоа што ќе управува со ЛИДЛ продавниците во Северна Македонија.

-Физичкото лице **Ричард Гартнер**, австриски државјанин, е содружник во Гартнер Транспорт Холдинг ГмбХ. Тој нема други деловни активности во Република Австрија или на друго место, вклучувајќи ја и Северна Македонија.

- **Гартнер Транспорт Холдинг ГмбХ** е владејачко друштво на Гартнер Групата. Гартнер Групата е фамилијарно друштво со седиште во Ламбах, Австрија и други локации во осум европски држави. Гартнер Групата нуди логистички услуги. Главната активност на Гартнер Групата е домашниот и меѓународниот патен транспорт на стока со камиони и приколки. Дополнително, Групата нуди интермодален транспорт, и на помало ниво, услуги за складирање во постоечка транспортна логистика и клиенти на интермодален транспорт.
Гартнер Транспорт Холдинг ГмбХ нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија, но остварува ограничена продажба во Северна Македонија во 2022-2023 година преку обезбедување на услуги за патен транспорт.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка  1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.
Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**